РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА,
ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ - СКОПЈЕ
MINISTRIA E POLITIKËS SOCIALE,
DEMOGRAFISË DHE RINISË - SHKUP
Бр. / Nr. 03-5013/1
24-07-2024 20 год. / viti

Врз основа на член 49 став (1) и член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на РМ" бр. 58/2000, 44/2002, 82/08, 167/10 и 51/11 и "Службен весник на РСМ" бр.96/19, 110/19, 154/19 и 121/24), министерот за социјална политика, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВНАТРЕШЕН РЕД И ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА (СЕГА МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ)

Член 1

Во Правилникот за внатрешен ред и функционирање на Министерството за труд и социјална политика, сега Министерство за социјална политика, демографија и млади бр. 03-7023/1 од 29.09.2017 година, во глава VII. ПОТПИШУВАЊЕ НА АКТИ, членот 22 став 6 се менува и гласи:

"На сите акти кои што се изработуваат од секторите во министерството и органите во состав, а ги потпишува министерот, или друго лице овластено од министерот, во долниот лев агол од актот задолжително треба да стои:

- Изработил (лицето кое го изработило актот: референт, помлад соработник, виш соработник, соработник, помлад соработник или советник)
- Контролирал (раководител на одделение или помошник раководител на сектор, ако нема или е отсутен раководител на одделение)
- Одобрил (раководител на сектор и државен советник - само ако државниот советник е вклучен во работата на предметот)
- Согласен (Државен секретар, по претходно добиено овластување од министер или друго лице овластено од министер)"

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото донесување и објавување на огласната табла во министерството и органите во состав, останатиот дел од

Правилникот за внатрешен ред и функционирање на Министерството за труд и социјална политика сега Министерство за социјална политика демографија и млади бр. 03-7023/1 од 29.09.2017 година и Правилниците за изменување и дополнување бр.03-9105/1 од 22.08.2018 година, бр.03-6662/1 од 06.10.2021 година, бр.03-1485/1 од 08.02.2023 година, остануваат непроменети.

Бр. 03-5013/1
24-07-2024.07.2024 година

МИНИСТЕР,
Fatmir Limani

Изработил: Љ.Панова
Контролирал;
Одобрил: Љ.Панова
Согласен: Државен секратар F. Sabriu